332.

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 59/00, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10 и 51/11), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.12.2011година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ПРОГРАМСКАТА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СОДРЖИНИТЕ НА ДЕКАДАТА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОМИТЕ 2005 - 2015 И СТРАТЕГИЈАТА ЗА РОМИТЕ

Член 1

Со оваа одлука се формира Координативно тело за следење на програмската имплементација на содржините на Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015 и Стратегијата за Роми.

Член 2

Со Координативното тело за следење на програмската имплементација на содржините на Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015 и Стратегијата за Роми ќе претседава министерот без ресор Неждет Мустафа, Национален координатор на Декадата за вклучување на Ромите и Стратегијата за Роми во Република Македонија.

Член 3

Членови на Координативното тело за следење на програмската имплементација на содржините на Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015 и Стратегијата за Роми се: заменик на министерот за труд и социјална политика, заменик на министерот за транспорт и врски, заменик на министерот за образование и наука, заменик на министерот за култура и заменик на министерот за здравство.

Член 4

Координативното тело за следење на програмската имплементација на содржините на Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015 и Стратегијата за Роми врши редовни периодични (месечни) проценки за напредокот во однос на спроведувањето на Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015 и Стратегијата за Роми во Република Македонија.

Член 5

Координативното тело секоја прва недела во месецот ја информира Владата на Република Македонија за спроведените активности во изминатиот месец.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 41-350/1
27 декември 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

333.

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/05, 150/07 и 35/11), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на17.1.2012 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Член 1

Со оваа одлука на Министерството за труд и социјална политика му се даваат на трајно користење без надоместок недвижни ствари сопственост на Република Македонија, и тоа:

- објект бр.1 (детско одморалиште "Шула Мина" – Крушево) со вкупна површина од 240 м2, кој се наоѓа на КП 2204, КО Крушево вон-град, место викано Бегова корија, запишан во ИЛ бр. 886 ;
- објект бр.2 (детско одморалиште "Шула Мина" – Крушево) со вкупна површина од 89 м2, кој се наоѓа на КП 2204, КО Крушево вон-град, место викано Бегова корија, запишан во ИЛ бр. 886 ;
- објект бр.3 (детско одморалиште "Шула Мина" – Крушево) со вкупна површина од 123 м2, кој се наоѓа на КП 2204, КО Крушево вон-град, место викано Бегова корија, запишан во ИЛ бр. 886 ;
- објект бр.4 (детско одморалиште "Шула Мина" – Крушево) со вкупна површина од 69 м2, кој се наоѓа на КП 2204, КО Крушево вон-град, место викано Бегова корија, запишан во ИЛ бр. 886 ;
- објект бр.5 (детско одморалиште "Шула Мина" – Крушево) со вкупна површина од 89 м2, кој се наоѓа на КП 2204, КО Крушево вон-град, место викано Бегова корија, запишан во ИЛ бр. 886 ;
- објект бр.6 (детско одморалиште "Шула Мина" – Крушево) со вкупна површина од 56 м2,, кој се наоѓа на КП 2204, КО Крушево вон-град, место викано Бегова корија, запишан во ИЛ бр. 886 ;
- објект бр.7 (детско одморалиште "Шула Мина" – Крушево) со вкупна површина од 61 м2, кој се наоѓа на КП 2204, КО Крушево вон-град, место викано Бегова корија, запишан во ИЛ бр. 886 ;
- објект бр.1 (детско одморалиште "Шула Мина" – Крушево) со вкупна површина од 89 м2, кој се наоѓа на КП 2202, КО Крушево вон-град, место викано Бегова корија, запишан во ИЛ бр. 886 ;
- објект бр.2 (детско одморалиште "Шула Мина" – Крушево) со вкупна површина од 41 м2, ,кој се наоѓа на КП 2202, КО Крушево вон-град, место викано Бегова корија, запишан во ИЛ бр. 886 ;
- објект бр.3 (детско одморалиште "Шула Мина" – Крушево) со вкупна површина од 98 м2, кој се наоѓа на КП 2202, КО Крушево вон-град, место викано Бегова корија, запишан во ИЛ бр. 886 ;
- објект бр.4 (детско одморалиште "Шула Мина" – Крушево) со вкупна површина од 66 м2, ,кој се наоѓа на КП 2202, КО Крушево вон-град, место викано Бегова корија, запишан во ИЛ бр. 886 .

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-382/1
17 јануари 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

334.

Врз основа на член 91 став 1 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/11 и 53/11), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.1.2012 година, донесе